Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Економски факултет - Скопје

Бр. 09-1888/3

Дата 24.11. 2022 година

Врз основа на Меморандумот за соработка помеѓу Економскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Агенцијата за супервизија на осигурување и Здружението на осигурувачи, Известувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување бр. 03-1888/2 од 16.11.2022 година, како и Одлуката на Деканатската управа на Економски факултет – Скопје, одржана на ден 21.11.2022 година, со архивски број 02-1988/3 од 24.11.2022 година, Деканот на Економски факултет- Скопје го распишува следниот:

# К О Н К У Р С

За избор на 9 (девет) студенти од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, на кои ќе им бидат доделени стипендии од страна на 9 (девет) осигурителни компании во учебната 2022/2023 година.

На конкурсот право за пријавување имаат студенти на Економски факултет – Скопје кои:

1. Се редовни студенти запишани по прв пат во учебната 2019/2020 година;
2. Напредувале во текот на студирањето без презапишани предмети;
3. Запишале 7-ми (зимски) семестар во учебната 2022/2023 година;
4. Имаат положено по 23 или 24 испити;
5. Имаат просек од најмалку 9,00 во текот на досегашното студирање;
6. Не се во редовен работен однос.

Заинтересираните кандидати потребно е да поднесат пријава до архивата на факултетот во која ќе ги наведат информациите на кои се укажува од точка 1 до точка 5 од став 2 на овој конкурс. Со пријавата студентите поднесуваат и копија од индексот од делот на запишани семестри и положени испити, како и своерачно потпишана изјава со која потврдуваат дека не се во редовен работен однос.

Огласот ќе трае заклучно со 1.12.2022 година.

Изборот на стипендистите ќе се изврши согласно Одлуката на Деканатската управа бр. 02-1988/3 од 24.11.2022 година.

Стипендиите на студентите ќе им бидат доделени директно од осигурителните компании.

Конкурсот да се објави на веб-страната и огласната табла на Факултетот.

Овој конкурс да се достави до продекан за настава, досие на седница, одделение за студентски прашања и архива.

Изработила: М.К

Проверил: Д.К

Д Е К А Н

Проф. д-р Предраг Трпески

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ